ГРАД СКОПЈЕ

## Објава за достапност на Нацрт ЛЕАП 3 на Град Скопје и Нацрт извештај СОЖС за планскиот документ

Град Скопје ја известува заинтересираната јавност дека е изработен **Нацрт – Локален Еколошки Акционен План ЛЕАП 3 на Град Скопје за период 2020 – 2026г**. и **Нацрт Извештај за Стратегиска Оценка на животната средина – СОЖС за ЛЕАП 3 на Град Скопје за период 2020 - 2026г.** Согласно постоечката законска регулатива (чл.69 од Законот за животната средина (Службен весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 51/11, 123/12, 93/13, 42/14, 44/15, 129/15, 39/16 и 113/18) и Уредбата за учество на јавноста во текот на изработка на прописи и други акти, како и планови и програми од областа на животната средина (Службенвесникна РМ бр. 147/08), ЛЕАП-от и СОЖС се достапни за јавен увид на веб страницата на Град Скопје.

Имајќи ја предвид настанатата ситуација со вирусот Ковид 19, а во согласност со мерките и препораките на Владата на Република Северна Македонија за забрана за масовни собирања, не постојат услови за организирање на јавна расправа, односно јавна расправа нема да се одржи. За да се обезбеди учество на јавноста, ги молиме сите заинтересирани страни, доколку имаат забелешки, предлози и мислења во врска со нацрт Извештајот, да ги достават до Град Скопје во рок од 30 дена од денот на објавување на оваа информација, односно во период од **06.10.2020 до 06.11.2020год**. Истите можете да ги испраќате на е-маил: **Kristina.Spasikj@skopje.gov.mk** или по пошта на следната адреса: **Град Скопје, Сектор за заштита на животната средина, бул.Илинден бр.82, 1000 Скопје**.

Град Скопје